**20260590992**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 март 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ЗАРАДИ МОЖНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ПОРЕМЕТУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на населението, како последица од постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република Северна Македонија.

Мерките и активностите согласно утврдената кризна состојба ќе се преземаат на целата територија на Република Северна Македонија.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука се активира Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, кој ќе биде во постојано заседавање заради следење на мерките и активностите и координирано дејствување поврзани со оваа одлука.

Член 3

Се задолжуваат органите на државна управа да преземат мерки и активности за справување со состојбата во врска со можноста за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија.

Член 4

Постоењето на кризната состојба утврдена со оваа одлука ќе трае 30 дена, од денот на влегувањето на сила на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3002/3
22 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.